# ТЕХНИЧКИ ОПИС

Објект: **Мапирање и означување на пешачки патеки ,,Влашки колиби-Манастир св.Ѓорги,, и ,,Чуката,, и поставување на урбана опрема**

Место: **КО Долна Враштица (езеро Мантово) ,Општина Конче**
Инвеститор: **Општина Конче**

**Урбанистичка поставеност**

Во согласност со барањата на Општина Конче ,на локалитетот езеро Мантово се предвидува мапирање и означување на пешачки патеки со поставување на патокази и информативни табли и поставување на урбана опрема.

**Функционално решение**

На дадената локација се предвидува мапирање и означување на пешака патека ,,Влашки колиби –Манастир св.Ѓорги во должина од 2000 м и пешачка патека од локален пат с.Габревци-Мантово до локалитет ,,Чуката,, во должина од 1000 м.
Покрај патеките се предвидива поставување на урбана опрема:
-клупи за седење со постоље од бетон
-корпи за отпадоци со постоље од бетон
Мапирањето ќе биде со поставување на патокази изработени од дрво чам претходно обработени со четири мазни страни и заштитени со заштитена боја во два намази (кафеава) и лакирање со ласерска обработка на текстот во длабочина од 1 см со фарбање на текстот со црна водотпорна боја.
На почетокот и крајот на пешачките патеки ќе се постават информативни табли во бетониран темел .Информативните табли треба да бидат изработени од дрво чам,претходно обработени со четири мазни страни и заштитени со заштитна боја во два намази (кафеава) и лакирани со пставување на мапа од ПВЦ фолија со УВ отпорна самолеплива во боја залепена на таблата.
На дел од трасата е предвидено порамнување и расчитување на теренот од нискостеблеста шума (грмушки).

Изработил: Зоран Ѓоргиев диа